Produced by NSW HEALTH DEPARTMENT

Macedonian
May 2001
[DOH-7115]

# Инфекција со криптоспоридиум
## Cryptosporidiosis

### Што е инфекција со крптоспоридиум (Cryptosporidiosis)?

- Тоа е цревно заболување што го предизвикува паразитот криптоспоридиум (Cryptosporidium) и ги напаѓа цревата.
- Инфекцијата со криптоспоридиум се среќава кај луѓето и кај разни животни во фармите, кај куќните миленичиња, како и кај домородните животни.
- Иако постојат неколку видови на криптоспоридиум, само еден вид, криптоспоридиум парвум (Cryptosporidium parvum), се смета дека предизвикува инфекција кај човекот.
- Инфекцијата со криптоспоридиум е болест за која што е потребно да се извести Одделот за здравство на НЈВ и тоа правило важи од 1996 година. Бројот на случаите во НЈВ има тенденција да се зголемува во потоплите месеци.

### Како се пренесува?

- Паразитот криптоспоридиум е присутен во изметот на заразеното лице и животни и се пренесува по патот измет–уста.
- Болеста се префрла кога паразитот ќе се проголта.
- Пренесувањето најчесто се случува преку:
  - контакт од човек на човек, особено во рамките на семејството и меѓу малите деца (на пример, во детските градинки)
  - пиење загадена вода
  - храна (во ретки случаи)
  - ракување со заразени животни
  - сексуална активност што вклучува контакт со измет.
- Лицето е најзаразно кога има пролив, но паразитот може да биде исфрлан преку изметот неколку недели откако ќе исчезнат симптомите.

### Кои се симптомите?

- Најчестите симптоми на инфекцијата со криптоспоридиум се течен пролив, грчеви во стомакот, температура, гадење и повраќање. Овие симптоми можат да доведат до губење на тежина и дехидрација (губење течности).
- Првите знаци на болеста се појавуваат помеѓу 1–12 дена (просечно после седум дена) откако лицето ќе се зарази.
- Кај некои случаи, можеби, нема воопшто да има симптоми. Меѓутоа, овие луѓе, сепак, можат да ја пренесат болеста на други.
- Најголемиот број здрави луѓе оздравуваат во рок од помалку од две недели.

- Луѓето со слаб имунитет можат да имаат потешки симптоми што можат да траат повеќе недели.

**Каква е дијагнозата и лечењето?**

- Ако имате пролив, единствен начин да се знае дали е заради инфекција со криптоспоридиум, е да одите на лекар и да се испита примерок од изметот.
- Важно е луѓето кои што имаат пролив обилно да пијат течности за да спречат да дојде до дехидрирање.
- Не постои конкретно лечење од инфекцијата со криптоспоридиум.

**Како се спречува?**

За да спречите да се инфицирате со криптоспоридиум:

- секогаш темелно мијте ги рацете со сапун и протечна вода после користење на клозетот, после фаќање на животни, менување пелени или после работење во градинката, како и пред подготвување храна и пијалоци
- не пијте непрочистена вода (на пример, од реки, потоци, езера и акумулации). Ако водата од ваквите извори ја вриете една минута, откако ќе зоврие, таа ќе ги убие микробите, вклучувајќи го и криптоспоридиумот.

**За да го спречите ширењето на инфекцијата со криптоспоридиум:**

- малите деца со пролив не треба да одат на училиште, во градинка или во групи за играње со други деца се додека сосема престане проливот
- луѓето кои работат со храна, негувателите во детски градинки и здравствените работници, кои се инфицирани со криптоспоридиум, не треба да одат на работа се додека сосема престане проливот
- најмалку една недела, откако престанал проливот, не треба да: – пливате во базени или други места со вода за рекреација, не треба заеднички да користите постелнина и пешкири за бришење.

**Повеќе информации - Служби за народно здравје во НЈВ**

За повеќе информации обратете се кај вашиот лекар, локалната служба за народно здравје или во општествениот здравствен центар – побарајте и во предниот дел на телефонскиот именик (White Pages) под насловот “NSW Governement”.

**Градски подрачја**

| | |
|---|---|
| Central Sydney | 9515 3180 |
| South Eastern Sydney | 9382 8333 |
| Northern Sydney | 9477 9400 |
| South Western Sydney | 9828 5944 |
| Western Sydney | 9840 3603 |
| Wentworth | 4734 2022 |

**Селски подрачја**

| | |
|---|---|
| Central Coast | 4349 4845 |
| Mid North Coast | 6588 2750 |
| Mid Western | 6339 5548 |

| | |
|---|---|
| Hunter | 4924 6477 |
| Illawarra | 4255 2200 |
| New England | 6766 2288 |
| Northern Rivers | 6620 7500 |
| Macquarie | 6841 2216 |
| Southern | 4827 3428 |
| Greater Murray | 6021 4799 |
| Far West | (08) 8080 1499 |

**NSW Department of Health**
73 Miller Street
North Sydney NSW 2059
Tel. (02) 9391 9000
Fax. (02) 9391 9101
TTY. (02) 9391 9900

Вебсајт на NSW Health
www.health.nsw.gov.au